З А П И С Н И К
од Двесте дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 ноември 2026 година

Скопје, ноември 2026 година

З А П И С Н И К
од Двесте дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 ноември 2026 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 12:30 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Јетон Шасивари, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Борче Серафимовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Ѓоко Велковски, министер за социјална политика, демографија и млади, Иван Стоилковиќ, министер за локална самоуправа, м-р Седат Сулејмани, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање и Зулфиќар Зејнула, министер без ресор, задолжен за меѓународни партнерства и странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и Адмир Шабани, заменик на министерот за одбрана, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Агон Ферати, министер за односи меѓу заедниците, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Сашо Клековски, министер за здравство, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и Ерџан Демир, министер без ресор.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата

2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на видот на добра и временскиот период на примена на повластената даночна стапка

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата.

Точка 2

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка.

Точка 3

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 4

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:35 часот.